23502.13

НОВА МАКЕДОНИЈА
Среда, 26 август 2015

МИНИСТЕРКАТА ЗА КУЛТУРА НА ПОЛСКА ВО МСУ

# Пригодна изложба на полската колекција

Министерката за култура на Република Полска, Малгожата Омилановска, денеска ќе го посети Музејот на современата уметност. Таа ќе дојде во придружба на заменик-директорот на Директоратот за меѓународна соработка, Марцин Лапчињски, и амбасадорот на Полска во Скопје, Јацек Мултановски.

Министерката Омилановска ќе ѝ врачи одликување за заслуги за полската култура на Елиза Шулевска, директорка на Музејот на современата уметност. Исто така, таа ќе ги посети постојаната поставка и делата од најзначајните полски автори, што во чест на делегацијата ќе бидат изложени во фоајето на МСУ.

Колекцијата брои 212 дела од 135 автори, кои му биле донирани на Музејот на Кале по земјотресот во 1963 година. Во неа има автори што во тоа време не биле толку познати, но кои станале популарни во втората половина на 1960-тите години, на пример, во концептуалната уметност. Во МСУ има дело од сликарката Јадвига Мазјарска, која во Полска е позната, но не и нејзината уникатна техника со восок, со која е направена сликата што се наоѓа во Скопје. Во МСУ има многу автори што имаат свои дела и во збирката на Музејот во Лоѓ: Јежи Новошелски, Јежид Хужевски, Алфред Леница, Јежид Кравчек.

Досега полската колекција била презентирана на две изложби во 1990-тите години, „Современа полска графика“ и „Современа полска уметност“, во соработка со Здружението за македонско-полско пријателство. Едната изложба била отворена во Музејот на Македонија, а другата во Кочани. Акцентот на полската колекција е ставен на уметноста на 1960-тите години бидејќи тогаш главно и се добиени поголемиот број дела.



Дела од колекцијата